# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 21 Год. LXI Понеделник, 4 април 2005 Цена на овој број е 370 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 363. | **Уредба** за употребата на средствата за присила како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на царинските служби............................... | 1 |
| 364. | **Одлука** за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2006 година......... | 3 |
| 365. | **Одлука** за Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2005 година | 3 |
| 366. | **Одлука** за давање согласност за промена на сопственичка структура...... | 4 |
| 367. | **Годишна програма** за инвестиции во железничката инфраструктура за 2005 година................................................... | 4 |
| 368. | **Правилник** за начинот на полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор................................... | 4 |
| 369. | **Правилник** за содржината и начинот на водење на евиденција на физички лица кои самостојно вршат работи од социјална заштита како професионална дејност | 5 |
| 370. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати, утврдени согласно Методологијата..... | 6 |
| | **Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување** | |
| 13. | **Одлука** за издавање на дозволи за основање на друштво за управување со пензиски фондови и условни одобренија за управување со пензиски фонд.................................................... | 7 |
| | **Исправка** на Наредбата за преземање мерки за заштита на животните од заразни и паразитски болести и рокови за спроведување на наредените мерки во 2005 година („Службен весник на РМ“ бр. 13/2005).................................. | 7 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-128 |


## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**363.**

Врз основа на член 44 став 3 од Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2004), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.03.2005 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРИСИЛА КАКО И НОСЕЊЕТО И УПОТРЕБАТА НА ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишува употребата на средствата за присила, како и носењето и употребата на огненото оружје од страна на царинските службеници.

Член 2

Средствата за присила во смисла на оваа уредба се: гумена палка, физичка сила и средства за присилно запирање на моторни возила (ежеви).

Член 3

Кога постојат можности за употреба на повеќе средства за присила, ќе се употреби средството за присила кое, со оглед на настанатата ситуација, нема да предизвика штета или штетата ќе биде минимална.

Член 4

Пред секоја употреба на средства за присила или огнено оружје царинскиот службеник јасно го предупредува лицето за употребата на средствата за присила или за огнено оружје, а доколку за тоа постојат услови и се легитимира.

Член 5

Пукањето во воздух, заради сигнализација, барање помош и застрашување, како и пукање во животни кога тие го загрозуваат животот на луѓето, не се смета како употреба на огнено оружје во смисла на оваа уредба.

## II. УПОТРЕБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПРИСИЛА

Член 6

Царинскиот службеник може да употреби гумена палка или физичка сила, заради совладување на отпор на лице кое треба да се приведе, задржи или лиши од слобода, а истото дава отпор заради одбивање напад од себе или од друго лице, како и заради присилно отстранување на лице од определено место или лице кое не постапува по наредба на царински службеник.

Член 7

Како употреба на гумена палка  и на физичка сила се смета: удирање со палка, односно зафаќање со раце и други вештини на самоодбрана или за напад со кои се присилува на послушност лицето во случаите од член 6 на оваа уредба.

Ако царинскиот службеник оцени дека непосредниот напад или отпорот од страна на лицето може да биде совладан само со употреба на физичка сила, првенствено ќе го употреби тоа средство на присила.

Член 8

Отпор, во смисла на член 6 на оваа уредба се смета секое спротивставување на наредбите на царинскиот службеник издадени за оддалечување од определено место, за соодветно постапување, за приведување, задржување или лишување од слобода, со кое тоа се оневозможува.

Отпорот може да биде активен и пасивен.

Активен отпор постои кога лицето дава отпор со употреба на оружје, орудие, други предмети или физичка сила (се бори, се турка, се засолнува со разни предмети) и на тој начин го оневозможува царинскиот службеник да ги извршува службените работи.

Пасивен отпор постои кога лицето нема да одговори на наредба на царински службеник или ќе се стави во таква положба (ќе легне, ќе клекне, ќе се фати за некој предмет и слично) со кое го оневозможува извршувањето на службените работи.

Член 9

Царинскиот службеник престанува со употребата на гумената палка или физичката сила штом ќе престане непосредниот напад или отпорот од страна на лицето против кое е употребена гумената палка или физичката сила.

Член 10

Кога лицето дава пасивен отпор гумена палка не се употребува, освен ако лицето со пасивниот отпор ја оневозможува интервенцијата на царинскиот службеник, а нема други можности таквиот отпор да се совлада или употребата на физичка сила е без успех.

Член 11

Царински службеник нема да употреби гумена палка доколку со тоа се доведува во опасност животот на други граѓани, во случај на бегство на бремена жена чија бременост е видлива, деца, старци, освен ако овие лица со огнено оружје или со други опасни средства непосредно го загрозуваат животот на царинскиот службеник  или на друго лице.

Член 12

Средства за присилно запирање на моторни возила ("ежеви") може да се употребат кога е потребно да се запре возило со кое бега лице, а претходно на пропишан знак на царинскиот службеник не го сопрело возилото.

При поставување на средствата од став 1 на овој член на патот на примерна оддалеченост треба да бидат поставени сообраќајни знаци за предупредување, а по потреба и предупредувачки светла.

## III. НОСЕЊЕ И УПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ

Член 13

Царинските службеници довереното оружје го носат само при извршување на работата на своето работно место на кое е одредено употреба на оружје, како и на редовниот пат до работа и при враќање од работа до својот дом.

Царинските службеници кои што вршат работа во службена облека, носат оружје во пропишана футрола што е наместена на посебен ремен за носење оружје.

Царинските службеници кои извршуваат работа во цивилна облека носат оружје во пропишана футрола на појасот од панталоните или во футрола за прикриено носење на оружје со себе. Во вонредни околности со оглед на работната обврска што се извршува оружјето може да се носи на начин што ќе овозможи по ефикасна употреба на истото.

Член 14

Царински службеник може да употреби огнено оружје кога е во ситуација на самоодбрана, односно ако со други средства на присила не може да одбие од себе непосреден напад со кој се загрозува неговиот живот или животот на други лица, ако физички е нападнато на начин или со средство (оружје, опасно орудие или друг сличен предмет со кој може да се загрози животот), кое претставува непосредна опасност по животот, ако нападот по живот го вршат две или повеќе лица, односно напад од очигледно физички посилно лице или лице кое се служи со посебни вештини.

Како напад со огнено оружје се смета и самото посегање на огнено оружје од напаѓачот.

Член 15

Царински службеник ќе употреби огнено оружје кога не постои друг начин за запирање лица кои имаат намера да ја преминат границата и не ги почитуваат повторените наредби од страна на царинскиот службеник да запрат.

Член 16

Царински службеник ќе употреби огнено оружје кога не постои друг начин да се запрат возилата, спрема лице што врши напад врз друго лице или објект на Царинската управа, ако нападот е непосреден и сé уште не престанал, а напаѓачот претходно бил гласно предупреден за употребата на огнено оружје.

Член 17

Царински службеник ќе употреби огнено оружје ако претходно го предупредил лицето и при лишување од слобода со истовремено повикување: "Стој ќе пукам". Ако лицето не застане, царинскиот службеник ќе го повтори повикот и ако при повторниот повик лицето не застане, царинскиот службеник ќе употреби огнено оружје, настојувајќи првенствено да се онеспособи лицето.

Член 18

Царински службеник ќе употреби огнено оружје кога не може на друг начин да спречи намерно оштетување на објекти или средства на Царинската управа.

Како намерно оштетување на објект или средства на Царинската управа во смисла на оваа уредба, се смета секое дејствие насочено кон противправно одземање на имотот, оштетување или уништување на објектот или на поодделни негови делови, како и расипување, уништување или злоупотребување на уредите во објектот.

Член 19

Царински службеник нема да употреби огнено оружје доколку со тоа се доведува во опасност животот на други граѓани, во случај на бегство на бремена жена чија бременост е видлива, деца, старци, освен ако овие лица со огнено оружје или со други опасни средства непосредно го загрозуваат животот на царинскиот службеник или на друго лице.

Член 20

За употребата на средствата за присила или огнено оружје од страна на царинскиот службеник се поднесува писмен извештај на непосредно повисокиот одговорен работник заради оценување на основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на средствата на присила, односно огненото оружје.

Извештајот од ставот 1 на овој член содржи податоци за: времето, местото и начинот на употребата на средството на присила односно огненото оружје; лицето спрема кое е употребено; видот; евентуалните последици од употребата; лично име на царинскиот службеник кој го употребил средството за присила, односно огненото оружје.

Член 21

Царинскиот службеник на кого му е доверено оружје секогаш со себе го носи писменото овластување за носење и употреба на оружје издадено од директорот на Царинската управа.

IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 22

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-605/1
28 март 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

**364.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000 и 12/2003) и член 2, став 2 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2001, 98/2002, 9/2003, 47/2003, 64/2003 и 67/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.03.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2006 ГОДИНА**

Член 1

За стратешки приоритети во 2006 година се утврдуваат:

- Интеграција на Република Македонија во НАТО;
- Забрзување на процесот на интегрирање во ЕУ;
- Реформа на правосудниот систем;
- Интензивирање на економскиот развој, зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата;
- Борба против организираниот криминал и корупцијата;
- Спроведување на уставните измени, закони и други прописи што произлегуваат од Рамковниот договор.

Член 2

За приоритетни цели и иницијативи во остварување на стратешките приоритети во 2006 година се утврдуваат:

1) јакнење на институциите на системот во правец на зајакнување на правната држава;
2) продолжување со процесот на реформа на јавниот сектор;
3) подобра бизнис клима, интензивен економски развој и привлекување на странски инвестиции;
4) зголемување на нивото на конкурентност во насока на зголемување на извозниот потенцијал;
5) порационално искористување на расположливите ресурси во насока на зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата;
6) интензивирање на активности во правец на доследно спроведување на законите за спречување на корупцијата;
7) продолжување на процесот на децентрализација на власта и развој на локалната самоуправа;
8) подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на етничките заедници во јавната администрација и јавните претпријатија.

Член 3

Средствата потребни за финансирање на стратешките приоритети наведени во член 1 на оваа одлука ќе се предвидат во Фискалната стратегија за периодот 2006-2008 година.

Член 4

Во рамките на буџетскиот процес за 2006 година, министерствата и другите органи на државна управа ги дефинираат конкретните иницијативи и активности за остварување на стратешките приоритети од член 1 од оваа одлука.

Средствата за финансирање ќе ги вклучат во рамки на максималните износи на расходи за секој буџетски корисник поодделно, утврдени со буџетскиот циркулар за 2006 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1075/1
28 март 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска,** с.р.

---

**365.**

Врз основа на член 18 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02 и 38/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.03.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Се донесува Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2005 година.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-853/1
28 март 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.